Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 09-3727/1
02.09.2026 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 18 став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во врска со член 53 став 1 и став 2 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26) донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е
за свикување на 15-та седница на
Советот на Општина Велес

Седницата ќе се одржи на ден 09.09.2026 година (среда) во просториите на Општина Велес со почеток во 10:00 часот.

Усвојување на Записник од 14-та седница на Советот на Општина Велес.

За седницата го предлагам следниот :

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Советнички прашања;
2.Предлог-одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“.
3.Предлог – одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Детски Рацинови средби“;
4. Предлог - одлука за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО Велес, Општина Велес;
5. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 од ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план Речани - Зона 2 - Велес со намена А1 – Домување во куќи, Општина Велес;
6. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес;
7.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес;
8 .Предлог – решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозник Ален 2000 ДООЕЛ;
9.Предлог – одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес;
10.Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година;
11.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година;
12. Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2025/2026 година;
13.Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година;
14.Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година;
15.Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година;

16.Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски" – Велес во учебната 2025/2026 година;
17.Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски" – Велес за учебната 2026/2027 година;
18.Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен" за период од I до VI месец 2026 година;
19.Предлог – решение за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
20.Предлог – решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
21. Предлог – решение за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес;
22.Предлог – решение за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес;
23.Предлог – решение за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес;
24.Предлог – решение за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес;

Напомена: Материјалите по точките под ред. бр.4,5,6 и 7 ќе се доставаат дополнително.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.